Р . .

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
БР. 04-4188/9 28.11.2016

Врз основа на член член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Сл.весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а согласно член 13, 14, 22, 23, 24, 27 и 28 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, и 129/15) Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати по Оглас бр. 1/2016

1. Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 18.10.2016 објави Оглас бр. 1/2016 за вработување на осум извршители на определено време во Проектната единица за имплементација на проект "Реконструкција и проширување на канализационата мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води"

2. За извршители на работните задачи се бираат:

- За работното место бр. 1: Раководител на проектна единица за имплементација на проектот „"Реконструкција и проширување на канализационата мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води" "
  - Драган Томовски
- За работно место бр. 2: Советник за мониторинг за спроведување на инфраструктурни проекти
  - Елена Аспровска (Берово)
  - Тауланд Положани (Струга)
- За работно место бр. 3: Самостоен референт за документирање –
  - Валентина Младеновска

3. Со избраните кандидати да се склучи Договор за вработување на определено време.
4. Оваа предлог одлука влегува во сила со денот на донесувањето

*О б р а з л о ж е н и е*

Министерството за животна средина и просторно планирање со Барање бр. 12-815/5 од 22.09.2015 година се обрати до Министерството за финансии за добивање на согласност за обезбедени финансиски средства, за вработување на определено време. Од Министерството за финансии добиено е Известување бр. 18-13951/2 од

05.10.2015 година за обезбедени финансиски средства во Буџетот на Министерството, по што на 26.10.2015 година Министерството во дневните весници „Вечер" и „Коха", објави Оглас бр. 1/2015 за осум извршители на определено време во Проектната единица за имплементација на проект "Реконструкција и проширување на канализационата мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води".

Министерството за животна средина и просторно планирање со Барање бр. 04-4188/1 од 14.06.2016 година се обрати до Министерството за финансии за добивање на согласност за обезбедени финансиски средства за вработување на определено време. Од Министерството за финансии добиено е Известување бр. 04-4188/2 од 27.09.2016 година за обезбедени финансиски средства во Буџетот на Министерството, по што на 18.10.2016 година Министерството во дневните весници „Вечер" и „Коха", објави Оглас бр. 1/2016 за осум извршители на определено време во Проектната единица за имплементација на проект "Реконструкција и проширување на канализационата мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води".

Комисијата за избор на извршители на определено време во Министерството за животна средина и просторно планирање, формирана со Решение од министерот со архивски број.04-4188/5 од 08.11.2016година, изврши проверка дали пријавените кандидатите кои ги задоволуваат бараните услови во Огласот и за својата работа состави Записник за административна селекција бр. 04-4188/6 од 15.11.2016година и на 23.11.2016година спроведе интервју со успешните кандидати и за тоа состави Записник од спроведено интервју со архивски бр.04-4188/7 од 24.11.2016 година во кој што состави Ранг Листа на успешни кандидати и даде предлог за избор на најуспешните кандидати (односно кандидати кои што имаат над 100 бода). Врз основа на ранг листата од најуспешни кандидати предложени во предлог Одлуката како и ранг листата од записникот за интервју Министерот за животна средина и просторно планирање донесе Одлука за избор и ќе склучи Договори за вработување на определено време со избраните кандидати за работните места за кои се изврши избор.

Согласно погоренаведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ * СКОПЈЕ *

Доставено до:
Архива
Одделение за човечки ресурси
Пријавени кандидати